# АКТИВНОСТИ НА МГД

После подолга пауза од речиси една деценија, повторно се работеше на грб на општина. Општина Сопиште користеше типичен штитовиден пејзажен амблем (сл. 1). На јавниот конкурс победи грбот според Македонскиот терироријален хералдички систем со блазон на Иван Нацевски и емблазон на Јован Јоновски. Советот на Општина Сопиште одржана на 29.9.2023 го усвои новиот грб на Оптината.



Сл./Fig. 1

Централниот елемент на грбот е стилизирана Божица – Мајка со особености на онаа најдена на територија на Општина Сопиште, во Говрлево. Другите елементи се грозд и цреошов цвет. Тие ја симболизираат лозарската и овоштарската традиција на општината по кои таа е препознатлива. Дабовото гранче под штитот, ги претставува и дабовите шумите во општината (сл. 2).


Сл./Fig. 2

Грбот има три претстави и тоа: мала, само штит; средна штит со палисадна круна; и голем, штит палисадна круна и флорален венец.

**Блазон: Штит**: Златно, црвена божица – мајка, на црвена бордура 4 сребрени цветови од цреша со златен полен и 4 златни гроздови, наизменично.

**Круна**: Златна палисадна круна

**Венец**: Зелен дабов венец обвиткан со црвена и златна лента

Кон крајот на ноември 2023 година, во Штип беше одржана 1. Меѓународна научна конференција на тема „Македонија – Крстопат на епохи, цивилизации и култури, историја – археологија – уметност во организација на Институтот за историја и археологија при Факултетот за образовни науки на УГД. На конференцијата активно учествуваа Иван Нацевски со своите реферат насловен „Александар Македонски во европската хералдика“(сл. 3) и Јован Јоновски со „Преглед на одликувањата на Република Македонија“ (сл. 4).



Сл./Fig. 3



Сл./Fig. 4

# ACTIVITIES OF MHS

After a long pause of almost a decade, work on municipality coats of arms continued. The municipality of Sopishte used a typical shield-shaped landscape emblem (Fig. 1). A coat of arms according to the Macedonian territorial heraldic system won the public competition, with blazon of Ivan Nacevski and emblazon of Jovan Jonovski. The Council of the Municipality of Sopishte, held on 29.9.2023, adopted the new coat of arms of the Municipality.

The central element of the coat of arms is a stylized Goddess - Mother with simmilar to the one found on the territory of the Municipality of Sopishte, in Govrlevo. Other elements are grape and cherry blossom. They symbolize the viticultural and fruit-growing tradition of the municipality, for which it is recognizable. The oak branch under the shield also represents the oak forests in the municipality (Fig. 2).

The coat of arms has three representations: lesser, only a shield; middle, shield with palisade crown; and a greater, shield, palisade crown and floral wreath.

**Blazon: Shield:** Or, mother goddess Gules, on a bordure Gules 4 cherry blossoms Argent seeded Or and 4 bunches of grapes.

**Crown:** Palisade crown Or

**Wreath:** Oak wreath Vert wrapped with ribbons Gules and Or

At the end of November 2023, the 1st International Scientific Conference was held in Shtip on the topic „Macedonia - Crossroads of eras, civilizations and cultures, history - archeology - art, organized by the Institute of History and Archeology at the Faculty of Educational Sciences of the University of Shtip. Ivan Nacevski participated with paper „Alexander the Macedonian in European heraldry“ (fig. 3) and Jovan Ionovski with „Overview of the decorations of the Republic of Macedonia“ (fig. 4).





## ГРБ НА ОПШТИНА СОПИШТЕ

**Грб на рурална општина**

**Штит**: Златно, црвена божица – мајка, на црвена бордура 4 сребрени цветови од цреша со златен полен и 4 златни гроздови, наизменично.
**Круна**: Златна палисадна круна
**Венец**: Зелен дабов венец обвиткан со црвена и златна лента
**Блазон**: Иван Нацевски
**Емблазон**: Јован Јоновски
**Заведен**: број 3/2023 на 29.09.2023 година ■

## ARMS OF MUNICIPALITY OF SOPISHTE

**Arms of rural municipality**

**Shield**: Or, mother goddess Gules, on a bordure Gules 4 cherry blossoms Argent seeded Or and 4 bunches of grapes.
**Crown**: Palisade crown Or
**Wreath**: Oak wreath Vert wrapped with ribbons Gules and Or
**Blazon**: Ivan Nacevski
**Emblazon:** Jovan Jonovski
**Registered:** number 2/2023 on 29.09.2023 ■




## ГРБ НА КЛУБ НА ГЕНЕРАЛИ

**Здружение Клуб на генерали од Скопје**

**Штит**: Црвено со златен обраб, единствениот знак за припадност на армијата (златно сонце со дванаесет конвергентни, кои продолжуваат во дивергентни отсечени зраци, диск на вртешка од 16 злато и црвено, завртено за половина, во средината безант обрабен црвено). Зад штитот вкрстени две генералски палки.
**Челенка**: Над венец од тутуново лисје, четири осумкраки ѕвезди (1-2-1), сето златно.
**Мантија**: Црвено поставено златно
**Девиза**: Pro Patria Vitam
**Девиза на македонски**: За татковината животот.
**Блазон**: Јован Јоновски
**Емблазон**: Иван Нацевски
**Заведен**: број 4/2023 на 6.12.2023 година ■

## ARMS OF GENERAL'S CLUB

**General's Club Association from Skopje**

**Shield**: Gules, Emblem of the Army of the Republic of Macedonia Or (sun Or with 12 rays, the sundisk charged with gyronny of 16 Or and Gules, a bezant fimbriated Gules, bordure Or. Behind the shield, two general's batons in saltire.
**Crest**: Upon tobacco wreath four mullets of eight points (1-2-1) all Or.
**Mantle**: Gules doubled Or
**Motto**: Pro Patria Vitam
**Motto in English**: Life for the fatherland
**Blazon**: Jovan Jonovski
**Emblazon**: Ivan Nacevski
**Registered:** number 4/2023 on 6.12.2023 ■






## ГРБ НА ИВАН АЛЕКСОВСКИ

**Правник и претприемач од Куманово**

**Штит**: Црно, откорнато сребрено дрво меѓу два златни лилјани, обраб црвен градобрански
**Челенка**: Златно дрво
**Мантија**: Црно поставено сребрено
**Девиза**: Sui juris
**Девиза на македонски**: Во свое право
**Блазон**: Иван Нацевски
**Емблазон**: Иван Нацевски
**Заведен:** број 5/2023 на 12.6.2023 година ■

## ARMS OF IVAN ALEKSOVSKI

**Jurist and enterpreneur from Kumanovo**

**Shield**: Sable, a three eredicted Argent between two fleur-de-lys Or, bordure embattled Or
**Crest**: A three Or
**Mantle**: Sable doubled Argent
**Motto:** Sui juris
**Motto in English**: Its own right
**Blazon**: Ivan Nacevski
**Emblazon**: Ivan Nacevski
**Registered:** number 5/2023 on 12.6.2023 ■



ISSN 1857-5544